# ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА НОВИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ НА МРТ (бр. 03-6756/1 од 24.12.2018)

Согласно измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, предвидени се законски измени во односот на бројот на програмски сервиси на Македонското радио.

Имено, согласно Законот Македонската радио телевизија треба да обезбеди еден радиопрограмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик кои емитуваат програма 24 часа секој ден во неделата и еден радиопрограмски сервис на јазикот што го зборуваат другите немнозински заедници кој ќе се емитува 24 часа.

Со цел да се имплементираат овие законски измени неопходно е да се обезбедат два нови програмски сервиса на Македонското радио и тоа: Трет програмски сервис на албански јазик и Четврти програмски сервис на јазикот на немнозинските етнички заедници.

Во моментов во Македонското радио функционира Трет програмски сервис на којшто се емитуваат програми на албански јазик и програми на немнозинските етнички заедници, со предвидена програмска шема и структуирани програмски целини коишто понатаму можат лесно да функционираат независно едни од други.

Имено програмата на Третиот програмски сервис на албански јазик би се емитувала 24 часа и тоа со оглед на програмската структура којашто ја има Програмата на албански јазик во моментов, се создадени можности за емитување на програми од информативен, образовен, забавен, документарен, спортски и др. карактер.

Третиот програмски сервис на МРА ќе има проширување на програмската шема во секој аспект, односно од аспект на проширување на изборот на програмски содржини, како и проширување на времетраењето на одредени програмски појаси, што пак ќе биде предмет на подетални програмски анализи на уредничкиот кадар во овој програмски сервис.

Четвртиот програмски сервис на Македонското радио би обезбедувал 24-часовна програма на помалите етнички заедници и тоа во точно определени програмски појаси. Програмите би се емитувале на турски, на српски, на влашки, на бошњачки и на ромски јазик. Со ова би им било овозможено на помалите етнички заедници што живеат во земјава да добиваат услуги на јавниот сервис на мајчин јазик, што подразбира дека ќе биде обезбедена програма на горенаведените јазици од информативен, образовен, забавен, спортски, документарен и др. карактер.

Програмската шема на овој програмски сервис секако дека би се проширила и од аспект на програмски содржини, како и од аспект на времетраењето на програмските појаси, што секако е предмет на подетални програмски анализи на уредничкиот кадар во овој програмски сервис.

Покрај исполнувањето на горенаведените законски обврски, членот 107 став 2 Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги овозможува и обезбедување на повеќе од два програмски сервиса на македонски јазик и дополнително ставот 8 од овој член дозволува обезбедување на програмски сервиси што ќе ги запазат регионалните и локалните посебности на РСМ.

Во таа насока како нов програмски сервис на Македонското радио, односно Петти програмски сервис би профункционирал Канал 103, радиоканал којшто со своите урбани содржини би придонел кон обогатување на програмата на МРА со своите посебности – нудење програмски содржини од алтернативната музика и сцена воопшто.

Со оглед на тоа што Канал 103 од 1991, кога е формирано како радиопрограма на МРТ до денес не е физички одделен од јавниот сервис, неговото интегрирање како дел од Македонската радио телевизија не би предизвикал големи активности во поглед на користењето на техничките капацитети и на просторот на МРТ, а воедно со тоа би се исправила и една децениска неправда.

Каналот 103 би функционирал како Петти програмски сервис на Македонското радио со независна уредувачка политика, впрочем како и сите други програмски сервиси во МРТ, меѓутоа со примена на сите законски и подзаконски прописи, норми и етички стандарди и услови под кои работи јавниот сервис.

Истото е побарано и од Канал 103 со дописот бр. 03-1706/1 од 20.03.2019 година и истиот го приложувам кон Дополнувањето на Програмат за развој на нови програмски сервиси на МРТ.

Во наредниот период Македонската радио телевизија е со намера да спроведе целосна дигитализација на програмите на Македонското радио, обнова на студијата од просторен и технички аспект, така што обезбедувањето на новите радиопрограмски сервиси нема да претставува оптеретување на техничките и просторните капацитети.

Проради горенаведеното, предлагам Програмскиот совет на МРТ да го усвои Дополнувањето на Програмата за развој на нови програмски сервиси на МРТ бр. 03-6756/1 од 24.12.2018 и тоа со следните нови програмски сервиси: Трет програмски сервис – програма на албански јазик, Четврти програмски сервис – програма на јазиците на немнозинските заедници и Петти програмски сервис – Канал 103.

Директор на МРТ